Врз основа на член 45 и член 46 од Законот за административни службеници Службен весник на РСМ број (27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18, 275/19, 14/20), В.Д Директорот на ЈУ ЦСР Крушево на ден 20.02.2026 година ја донесе следната:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ј.У. ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНИ РАБОТИ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
I.P. QENDRA PËR PUNË SOCIALE
Бр./Nr. 04-639/5
20.02 2026 год./vit
Крушево / Krushevë

# О Д Л У К А

**За вработување на неопределено работно време на административен службеник за работно место Архивар при ЈУ ЦСР-Крушево**

За административен службеник на неопределено работно време за работно место Архивар во Оддел за административни работи и помошно технички работи при ЈУ ЦСР-Крушево 1 (еден) извршител се избира кандидатот **Гордана Талеска** од Крушево.
Именуваниот ќе биде вработен како Архивар во Оддел за административни работи и помошно технички работи при ЈУ ЦСР-Крушево по конечноста на оваа одлука.
Одлуката ќе се применува од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за селекција на вработување, формирана со Решение донесено од Агенција за администрација на Република Северна Македонија број.10-70/2 од 23.01.2026 година, а во функција на спроведување на постапка за вработување на неопределено време за работна позиција Архивар во Оддел за административни работи и помошно технички работи при ЈУ ЦСР-Крушево, а по објавениот оглас за вработување на неопределено време бр. 09/2026 спроведе постапка согласно Законот за социјална заштита и Законот за вработените во јавниот сектор, Закон за административните службеници. Врз основа на извршената проверка на исполнетоста на условите од јавниот оглас и спроведеното интервју Комисијата за селекција на кандидатите изготви и до директорот на ЈУ ЦСР-Крушево достави предлог број 10-70 од 17.02.2026 год и врз основа на тоа се донесе одлука како во диспозитивот.

По конечноста на одлуката за избор на Архивар во Оддел за административни работи и помошно технички работи при ЈУ ЦСР-Крушево, В.Д директорот на ЈУ ЦСР-Крушево ќе донесе соодветно решение за Архивар во Оддел за административни работи и помошно технички работи при ЈУ ЦСР-Крушево.

**Упатство за правно средство:** Против оваа одлука кандидатот има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на прием на одлуката и нејзиното објавување на огласна табла на установата.

ВД Директор
Христо Бојчиноски